Врз основа на член 17, став 2, алинеја 4 од Законот за телекомуникации ("Сл. весник на РМ" бр. 33/96, 17/98 и 28/2000), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА И МЕРЕЊА НА КАБЕЛСКА МРЕЖА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми ("Сл. весник на РМ" бр. 94/01), во член 2, алинеја 1, зборот "1000 ДЕМ" се заменува со зборот "511 ЕВРА", а во алинеја 2, зборот "150 ДЕМ" се заменува со зборот "77 ЕВРА".

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

"Надоместокот утврден во член 2 од овој правилник се уплаќа на жиро сметка на Управата за телекомуникации, со следните податоци:

Назив на примачот: ТРЕЗОРСКА СМЕТКА / УПРАВА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Банка на примачот: НАРОДНА БАНКА НА РМ; Сметка на НБ на РМ: 100000000063095

Сметка на Управата: 1300315687 787 18; Приходна шифра: 724143; Програма: 11;."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-923/7
28 јануари 2002 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Љупчо Балкоски,** с.р.